**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 26 март 2025 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: четврт квартал од 2024 година

На крајот на четвртиот квартал од 2024 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 12.320 милиони евра и забележа квартален раст од 449 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** се зголемија за 265 милиони евра и изнесуваат 7.690 милиони евра. Повисокиот раст на обврските, во однос на побарувањата, доведе до зголемување на **нето надворешниот долг** за 183 милиони евра, така што на крајот на декември 2024 година тој изнесува 4.630 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| | 31.12.2023 | | 30.09.2024 | | 31.12.2024 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **11,356.1** | **77.9** | **11,871.6** | **77.0** | **12,320.2** | **79.9** | **448.7** | **3.8** | **2.9** | **964.2** | **8.5** | **2.0** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***10,990.4*** | ***75.4*** | ***11,479.7*** | ***74.4*** | ***12,111.9*** | ***78.5*** | ***632.2*** | ***5.5*** | ***4.1*** | ***1,121.4*** | ***10.2*** | ***3.2*** |
| Долгорочен долг | 8,498.4 | 58.3 | 8,695.6 | 56.4 | 9,279.6 | 60.2 | 583.9 | 6.7 | 3.8 | 781.2 | 9.2 | 1.9 |
| Краткорочен долг | 2,857.6 | 19.6 | 3,175.9 | 20.6 | 3,040.6 | 19.7 | -135.3 | -4.3 | -0.9 | 183.0 | 6.4 | 0.1 |
| *Краткорочен долг без репо* | *2,492.0* | *17.1* | *2,784.0* | *18.1* | *2,832.3* | *18.4* | *48.3* | *1.7* | *0.3* | *340.3* | *13.7* | *1.3* |
| Јавен долг | 5,577.9 | 38.2 | 5,521.6 | 35.8 | 5,869.8 | 38.1 | 348.1 | 6.3 | 2.3 | 291.8 | 5.2 | -0.2 |
| *Јавен долг без репо* | *5,212.3* | *35.7* | *5,129.7* | *33.3* | *5,661.4* | *36.7* | *531.7* | *10.4* | *3.4* | *449.1* | *8.6* | *1.0* |
| Приватен долг | 5,778.1 | 39.6 | 6,349.9 | 41.2 | 6,450.5 | 41.8 | 100.5 | 1.6 | 0.7 | 672.3 | 11.6 | 2.2 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **6,989.5** | **47.9** | **7,424.7** | **48.1** | **7,690.1** | **49.9** | **265.4** | **3.6** | **1.7** | **700.6** | **10.0** | **1.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***6,989.3*** | ***47.9*** | ***7,236.4*** | ***46.9*** | ***7,603.0*** | ***49.3*** | ***366.6*** | ***5.1*** | ***2.4*** | ***613.7*** | ***8.8*** | ***1.4*** |
| **Нето надворешен долг** | **4,366.6** | **29.9** | **4,446.9** | **28.8** | **4,630.1** | **30.0** | **183.3** | **4.1** | **1.2** | **263.6** | **6.0** | **0.1** |
| ***Нето надворешен долг без репо*** | ***4,001.1*** | ***27.4*** | ***4,243.2*** | ***27.5*** | ***4,508.9*** | ***29.2*** | ***265.7*** | ***6.3*** | ***1.7*** | ***507.8*** | ***12.7*** | ***1.8*** |
| **МИП, нето** | **-8,311.3** | **-57.0** | **-8,574.0** | **-55.6** | **-8,766.7** | **-56.8** | **-192.7** | **2.2** | **-1.2** | **-455.3** | **5.5** | **0.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2023 година е претходен податок, додека за 2024 година е проценет податок (извор: Државниот завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2024 година" од 4.3.2025 година).

Извор: НБРСМ, ДЗС.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**[1], на крајот на декември 2024 година, изнесува 8.767 милиони евра, или 56,8% од БДП[2] за 2024 година. Најголемиот дел од овој износ, или 94%, се нето-обврски врз основа на директните инвестиции, од кои 67% се врз основа на сопственички капитал.

---

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезидентите врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

[2] Податокот за БДП за 2024 година е проценет податок (извор: Државниот завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2024 година" од 4.3.2025 година).

## *Бруто надворешен долг*

На крајот на декември од 2024 година, бруто надворешниот долг изнесува 12.320 милиони евра (или 79,9% од БДП) и бележи квартално зголемување од 449 милиони евра (или за 3,8%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[3], бруто-долгот бележи квартално зголемување од 632 милиона евра. Оваа квартална промена е резултат на зголемениот јавен долг (за 532 милиона евра) и приватен долг (за 101 милион евра). Кварталното зголемување на јавниот надворешен долг од 532 милиона евра е резултат на зголемениот долг на секторот „држава" (за 465 милиони евра[4]), на јавните банки и јавните претпријатија (за 61 милион евра) и на централната банка (за 6 милиони евра). Растот на приватниот долг се должи на зголемениот долг на приватните банки (за 99 милиони евра) и на небанкарскиот приватен сектор (за 45 милиони евра), при пад на долгот на капитално поврзаните субјекти (за 43 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

Во споредба со крајот на 2023 година, бруто надворешниот долг е повисок за 964 милиони евра, или за 8,5%. Притоа, долгот со исклучен ефект од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка е зголемен за 1.121 милион евра. Остварениот раст е резултат на зголемениот приватен надворешен долг (за 672 милиона евра) и јавниот долг (за 449 милиони евра). Кај приватниот долг, раст е забележан кај капитално поврзаните субјекти (за 508 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 227 милиони евра), додека долгот на приватните банки бележи намалување (за 63 милиони евра). Во однос на јавниот долг, растот е резултат на зголемените обврски на секторот

[3] Специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка се однесуваат на репо-договорите и други операции поврзани со управувањето со девизните резерви. При случувањето на овие трансакции се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Во исто време, при случувањето на овие трансакции во обратна насока, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. Гледано во целина, овие трансакции имаат неутрален ефект на нето-основа доколку се случуваат истовремено во ист износ. Доколку склучените трансакции не се со идентичен износ во двете насоки, тие имаат влијание врз бруто и нето надворешниот долг и бруто-побарувањата.

[4] Пред сè како резултат на задолжувањето на државата од билатерален кредитор во износ од 500 милиони евра.

„држава“ (за 409 милиони евра), на јавните банки и јавните претпријатија (за 34 милиони евра) и на зголемените обврски на централната банка (за 6 милиони евра).

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на четвртиот квартал од 2024 година, изнесуваат 7.690 милиони евра (или 49,9% од БДП) и забележаа квартално зголемување од 265 милиони евра (или за 3,6%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се зголемени за 367 милиони евра и изнесуваат 7.603 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на зголемените јавни побарувања за 594 милиони евра, при намалени приватни побарувања за 227 милиони евра. Кварталниот раст на јавните побарувања се должи на зголемените побарувања на централната банка. Падот на надворешните побарувања кај приватниот сектор е резултат на намалените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 351 милион евра), во услови на раст на депозитните институции (за 79 милиони евра) и останатите сектори (за 44 милиони евра).

Во споредба со крајот на претходната година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 701 милион евра. Без ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешните побарувања се зголемени за 614 милиони евра, и тоа како резултат на зголемените јавни и приватни побарувања (за 349 и 264 милиони евра, соодветно). Годишниот раст на јавните побарувања се должи на зголемените побарувања на централната банка. Растот на приватните побарувања произлегува од зголемените побарувања на останатите сектори (за 220 милиони евра) и на депозитните институции (за 65 милиони евра), при пад на побарувањата на капитално поврзаните субјекти (за 20 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Нето надворешен долг*

На 31.12.2024 година, нето надворешниот долг изнесува 4.630 милиони евра (или 30% од БДП). Нето надворешниот долг на земјата, во четвртиот квартал од 2024 година, е зголемен за 183 милиони евра, или за 4,1%. Од аспект на структурата, приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг со 71,7%.

Во однос на крајот на 2023 година, нето надворешниот долг е зголемен за 264 милиони евра (или 6%), во услови на зголемување на нето приватниот долг (за 408 милиони евра) и намалување на нето јавниот долг (за 144 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Во текот на четвртиот квартал од 2024 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 193 милиони евра и изнесува 8.767 милиони евра, што претставува 56,8% од БДП за 2024 година.

Кварталното зголемување на негативната МИП, нето, произлегува од поголемото зголемување на обврските (за 543 милиони евра), во однос на зголемувањето на средствата (за 350 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти се зголемени за 183 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти бележат зголемување за 9 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2023 година, негативната МИП, нето, е зголемена за 455 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на должничките и сопственичките инструменти (за 264 и 192 милиона евра, соодветно).

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Кв.1 2023 | Кв.2 2023 | Кв.3 2023 | Кв.4 2023 | Кв.1 2024 | Кв.2 2024 | Кв.3 2024 | Кв.4 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,822.5** | **-6,039.5** | **-6,458.4** | **-6,900.6** | **-7,244.9** | **-8,129.2** | **-8,016.0** | **-8,195.7** | **-8,083.1** | **-8,311.3** | **-8,468.5** | **-8,667.1** | **-8,574.0** | **-8,766.7** |
| **Средства** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,913.6** | **6,163.8** | **6,172.5** | **7,041.4** | **7,666.7** | **8,123.5** | **8,355.6** | **8,234.8** | **8,375.8** | **8,927.4** | **8,947.0** | **9,073.9** | **9,424.0** |
| Директни инвестиции | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 896.2 | 936.8 | 784.3 | 915.5 | 1,014.8 | 1,215.3 | 1,323.5 | 1,476.5 | 1,042.0 | 1,381.9 | 1,371.6 | 1,395.7 | 1,059.7 |
| Портфолио инвестиции | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 321.2 | 406.1 | 470.9 | 650.0 | 695.3 | 736.3 | 778.8 | 810.7 | 917.0 | 947.2 | 980.5 | 1,033.7 | 1,146.1 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.9 | 4.4 | 4.5 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 6.0 | 5.7 | 5.7 | 4.9 |
| Валути и депозити | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 694.0 | 580.0 | 562.9 | 657.6 | 653.5 | 561.9 | 604.7 | 676.5 | 650.9 | 611.7 | 613.3 | 644.6 | 661.4 |
| Заеми | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 74.5 | 79.1 | 87.3 | 125.9 | 221.6 | 154.6 | 158.5 | 187.9 | 74.7 | 433.7 | 331.4 | 278.3 | 180.7 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 1,057.2 | 894.4 | 902.3 | 1,042.3 | 1,212.4 | 1,290.0 | 1,294.0 | 1,175.2 | 1,146.5 | 1,259.5 | 1,306.1 | 1,308.5 | 1,340.8 |
| Останати сметки за наплата | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.5 | 0.3 | 0.4 | 0.9 | 0.3 | 0.2 | 0.4 | 0.5 | 0.6 | 0.3 | 0.9 | 0.9 | 1.4 |
| Девизни резерви | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,867.1 | 3,262.6 | 3,359.9 | 3,643.3 | 3,862.9 | 4,159.2 | 4,189.7 | 3,901.7 | 4,538.4 | 4,287.1 | 4,337.5 | 4,406.6 | 5,029.0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Обврски** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.0** | **12,622.2** | **13,073.1** | **14,286.3** | **15,795.9** | **16,139.5** | **16,551.2** | **16,317.9** | **16,687.2** | **17,395.9** | **17,614.1** | **17,647.8** | **18,190.7** |
| Директни инвестиции | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 6,141.3 | 6,580.0 | 6,537.1 | 7,089.2 | 7,853.6 | 8,112.9 | 8,298.8 | 8,440.1 | 8,281.5 | 8,770.5 | 9,002.8 | 9,280.7 | 9,330.8 |
| Портфолио инвестиции | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,813.2 | 1,730.7 | 2,103.8 | 2,159.2 | 2,106.7 | 2,564.5 | 2,592.2 | 2,227.4 | 2,323.0 | 2,210.0 | 2,184.3 | 2,148.4 | 2,146.5 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 4.2 | 4.0 | 5.0 | 2.7 | 3.3 | 5.5 | 7.7 | 9.9 | 12.1 | 13.6 | 14.1 | 17.4 | 18.6 |
| Валути и депозити | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 206.2 | 254.2 | 253.3 | 297.3 | 471.0 | 363.4 | 398.9 | 300.1 | 462.0 | 335.4 | 349.5 | 316.7 | 428.9 |
| Заеми | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 2,883.4 | 3,100.9 | 3,267.2 | 3,580.3 | 4,043.3 | 3,790.7 | 3,944.0 | 4,005.8 | 4,257.3 | 4,629.9 | 4,577.9 | 4,428.3 | 4,775.1 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 824.8 | 871.1 | 827.8 | 910.3 | 1,062.6 | 1,054.0 | 1,064.7 | 1,085.4 | 1,107.1 | 1,189.3 | 1,237.8 | 1,211.6 | 1,240.3 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 0.0 | 5.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 79.8 | 81.3 | 77.4 | 247.3 | 250.5 | 248.5 | 244.8 | 249.2 | 244.2 | 247.2 | 247.8 | 244.8 | 250.5 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Ревизии на податоците*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – септември 2024 година. Промените кај бруто надворешниот долг и побарувањата произлегуваат од подобриот опфат на податоците кај заемите и трговските кредити и аванси. Од аспект на насоката на промените, ревизијата на податоците доведе до зголемување на бруто надворешниот долг во првиот квартал од 2024 година за 8 милиони евра, во вториот квартал за 17,4 милиони евра и во третиот квартал за 14,8 милиони евра, додека бруто надворешните побарувања се намалени во првите два квартала од 2024 година (за 8,9 и 3,6 милиони евра, соодветно), додека во третиот квартал бруто надворешните побарувања се речиси непроменети. Оттука, овие промени се одразија како зголемување на нето надворешниот долг во првиот

квартал за 16,9 милиони евра, во вториот квартал за 21,1 милион евра и во третиот квартал за 14,9 милиони евра.

Ревизијата на податоците за меѓународната инвестициска позиција, нето, доведе до зголемување на негативната МИП за 21,6 милиони евра во првиот, за 30,8 милиони евра во вториот и за 29,5 милиони евра во третиот квартал. Покрај промените кај должничките инструменти, ревизијата ги опфаќа и промените кај сопственичките инструменти, коишто речиси во целост се резултат на новите податоци добиени од кварталните извештаи за остварениот и планираниот финансиски резултат на друштвата со директни инвестиции од странство.

***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 24 јуни 2025 година (референтен пресек заклучно со март 2025 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).